

# Нове Франговски



## НОВЕ ФРАНГОВСКИ

Роден е во с. Галичник 1939 година. Завршил Академија за ликовна уметност во Белград, 1966 год. Бил на специјализација во Италија, 1973 година. Од 1966 излагал на голем број изложби во земјата и во странство. Член е на ДЛУМ од 1967 год. Живее и работи во Скопје. Адреса: Партизански одреди бр. 111, влез II/13.

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1968 — Бор, Работнички универзитет
— Скопје, Центар за култура и информации

1969 — Белград, Галерија КНУ

1971 — Скопје, Уметничка галерија

1973 — Рим, Галерија Ил Грифо

1975 — Нови Сад, Мал ликовен салон
— Скопје, Музеј на современа уметност „Скопје"

1978 — Белград, Колачев народен универзитет

1984 — Скопје, Уметничка галерија
— Зеница, Музеј града
— Зеница, Ликовна галерија
— Белград, Ликовна галерија — Културен центар

1985 — Сараево, Галерија Романа Петровиќ

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1966 — Белград, Група 66
— Белград, Ниш, Приштина — Октомвриски салон

1967 — Сплит, Белград — Изложба на војници сликари

1968 — Скопје, Наше минато, Уметничка галерија „Скопје"

1969 — Ферара (Италија), Современа македонска уметност
— Скопје, 25 години АСНОМ, Уметничка галерија „Скопје"
— Истанбул, Анкара, Современо македонско сликарство, Музеј за сликарство и скулптура
— Словењ Градец, Ангажирана уметност во Југославија

1970 — Скопје, Моето сакано дело, Уметничка галерија „Скопје"
— Загреб, Изложба на СЛУЈ

1971 — Белград, Загреб, Љубљана, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија

1972 — Пиатра Неамц (Романија), Современа македонска уметност, Централен изложбен салон — Јаши

1972 — Скопје, Битола, Современи македонски уметници — млада генерација II Музеј на современа уметност „Скопје" и Уметничка галерија „Моша Пијаде" (Битола)
— Чачак, Меморијал на Надежда Петровиќ, Уметничка галерија „Надежда Петровиќ"
— Белград, ЈНА во делата на војници ликовни уметници Изложбен салон при Домот на ЈНА

1973 — Врњачка Бања, Седум млади македонски сликари, Галерија на културниот центар
— Рим, 16 Современи македонски сликари
— Рим, Современа југословенска графика

1974 — Нови Сад, 12 Современи македонски уметници, Галерија на работничкиот универзитет „Радивој Чирпанов"
— Куманово, Изложба на ДЛУК, Уметничка галерија
— Струмица, XI струмичка ликовна колонија
— Пореч, XIV Анале, Истарска саборница
— Сомбор, XIV ликовна есен — миг на југословенското сликар



ство — млада генерација
— Скопје, Револуционерното минато во македонската уметност, Музеј на современа уметност „Скопје“

1975 — Титоград, Современо македонско сликарство, Фоаје на црногорскиот народен театар
— Бања Лука, VII есенски и I Интернационален салон на ликовна уметност, Салони на домот на културата
— Скопје, збратимени уметници, Центар за култура и информации
— Скопје, XI струмичка ликовна колонија, Центар за култура и информации
— Сараево, VI Изложба на сојузот на здруженијата на ликовните уметници на Југославија, Колегиум артистикум
— Титов Велес, НОВ во делата на македонските ликовни уметници, XII Рацинови средби, Народен музеј

1976 — Словењ Градец, Ангажирана фигуралика — Мир 1975
— Белград, Македонски млади уметници, Салон на МСУ

1977 — Скопје, Антифашистичката борба на Југословените во бившите затвори и концентрациони логори за време на II Светска војна во делата на ликовните уметници, Историски музеј на СРМ, МСУ, Уметничка галерија „Скопје“; Приштина, Историски музеј Косово; Титоград, Уметнички павиљон; Сараево, Музеј револуције Босне и Херцеговине; Загреб, Галерија Дома JНА (1978); Нови Сад, Галерија матице српске; Љубљана, Месна галерија; Белград, Народни музеј
— Атина, Современа југословенска уметност, Национална пинакотека



1978 — Грац, 16 Современи македонски сликари
— Бања Лука, Современа македонска уметност (од циклусот „Современа уметност на народите и народностите на СФРЈ), Дом на култура
1981 — Скопје, XII Графичка изложба на ДЛУМ, Салон на НУБ „Климент Охридски“; Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде“; Штип, 8 Јули Дом на културата; Куманово, Уметничка галерија
— Битола, 4 Триенале на современата југословенска графика, Уметничка галерија „Моша Пијаде“
1982 — Почитељ, Умјетничка колонија Почитељ
— Штип, Биенално студио за цр-



теж, Дом на културата и Цен-
Цртеж 83“.
тар за култура и информации
— Излагал на сите изложби на ДЛУМ

**НАГРАДИ**

1969 — награда за сликарство на изложбата „25 години АСНОМ“
1982 — награда „Нерешки Мајстори“ на годишната изложба на ДЛУМ
1983 — награда „Никола Мартиновски“ на изложбата „ДЛУМ —

Нове Франговски и припаѓа на младата генерација современи македонски ликовни уметници чии основни белези и карактеристики се современите ликовни изразни средства.

Чувството на слобода што го овозможија поновите стилски определби како поп артот, новата фигурација, хиперреализмот и други во многу го изменија начинот на кој луѓето ја посматраат сликата. Тоа се чини, е најважната добивка за творецот — уметник. Практичните импликации од ваквото „ослободување“ погледнати низ аголот на уметникот значат повеќе простор во техниките, стилските и естетски сфаќања и поимања за организирањето на кадрите и сублимацијата на идејата.

Сликарот Нове Франговски однегуван на најдобрите традиции на ова специфично културно поднебје, носејќи ги во себе сублимираните претстави за вековната метафизика во уметничката визуелизација на ова тло, свесно се определува за обновената фигурација.

Неговата специфична визуелна структура која постепено и упорно ја гради и дополнува, ослободувајќи се постепено од естетизмот, кој како функција, секогаш кога ќе му се дозволи, станува причина и цел за себе, конечно и во оваа прилика претставува негов идентитет, негов сигурен препознатлив знак. Патот до пречистениот ликовен говор еднаш совладан и поминат не значи поедноставено, скок преку врежаните сфаќања за генерациски негуваниот естетски пристап, туку резултат од индивидуалното уметниково досозревање. Меѓупросторот и меѓувремето се исполнети со редукција на ликовната лексика, со широка обработка на човекот, со внимателен хроматски одбир, со внесување на поинакви медиски елементи, со менување на сликарската оптика.

Франговски на ликовен начин прецизира дека фигурите не му се важни на психолошки план. Него го интересира моментот кој ја допушта реализацијата на еквивалентот во сликарството. Тргнувајќи од оваа премиса, авторот можел да ја прифати слободната постапка во репродукцијата и да ја овозможи правопропорционалноста помеѓу едноставниот призор и многузначајната, загатлива конотација.

Оваа најнова творечка презентација на Нове Франговски значи незнатна мутација на идејата, деперсонализираната индивидуа да се вгради во една драматични акцентирана ситуација, да му се врати ликот и изразот, а потоа да се поедностави до крајност но и продлабочи можната асоцијативност во перцепцијата.

Хроматската структура која кај Франговски истрајува подеднакво со стилските и технички особености е речиси трајна категорија. Застапеноста на тонот и понатаму е носител на колористичките партии со незнатни пигментни интервенции во тонирањето на светлото и темното.

Посматрајќи го делото на Франговски во целост може да се заклучи дека авторот се приканува кон хиперреализмот. Вистина и привид. Веројатно најточно ќе биде ако неговиот опус го согледаме како интеракциски (проникнувачки) акт помеѓу две или три стилски определби.

**Менка Карапашовска**




1. ЛУЃЕ I, 1975
масло на платно, 51 x 51
2. ЛУЃЕ II, 1977
акрилик на платно, 75 x 35
3. ЛУЃЕ III, 1977
акрилик на платно, 40 x 120
4. ЛУЃЕ IV, 1980
акрилик на платно, 34 x 34
5. ЛУЃЕ V 1980
акрилик на платно, 34 x 34
6. ЛУЃЕ VI, 1980
акрилик на платно, 70 x 50
7. ЛУЃЕ VII, 1980
акрилик на платно, 120 x 82
8. ЛУЃЕ VIII, 1981
акрилик на платно, 50 x 50
9. ЛУЃЕ, IX, 1981
акрилик на платно, 27 x 30
10. ЛУЃЕ X, 1986
акрилик на платно, 27 x 30
11. ЛУЃЕ XII, 1981
акрилик на платно, 120 x 80
12. ЛУЃЕ XIII, 1981
акрилик на платно, 110 x 61
13. ЛУЃЕ XIV, 1981
акрилик на платно, 135 x 125
14. ЛУЃЕ XV, 1981
акрилик на платно, 70 x 50
15. ЛУЃЕ XVI, 1982
акрилик на платно, 81 x 71
16. ЛУЃЕ XXV, 1983
акрилик на платно, 198 x 120
17. ЛУЃЕ XXVI, 1983
акрилик на платно, 135 x 125
18. ЛУЃЕ XXVII, 1984
акрилик на платно, 27 x 30
19. ЛУЃЕ XXIX, 1984
акрилик на платно, 31 x 45
20. ЛУЃЕ XXXI, 1984
акрилик на платно, 24 x 24
21. ЛУЃЕ XXXII, 1984
акрилик на платно, 24 x 24
22. МИНУВАЧИ, 1981
акрилик на платно, 38 x 50
33. МИНУВАЧИ II, 1981
акрилик на платно, 22 x 31
34. МИНУВАЧИ IX, 1986
акрилик на платно, 50 x 61
35. МИНУВАЧИ I, 1982
цртеж во молив, 70 x 100
36. МИНУВАЧИ IV, 1983
цртеж во молив, 50 x 70
37. МИНУВАЧИ V, 1983
цртеж во молив, 50 x 70



Уметничка галерија — Куманово
Ликовен салон Народен музеј Титов Велес 1986